АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 25-11-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6708 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга

3. **Датум на извршување на надзорот:** 25 ноември 2015 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми, според кој радиодифузерите се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, податоците за одговорниот уредник/уредници и податоците за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично), да ги објават и на сопствената програма, **најмалку три пати годишно**, во ударни термини и снимката од објавата да ја достават до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

   Согласно Правилникот за начинот на објавување на податоците за работењето на радиодифузерите ("Службен весник на Република Македонија" бр.30/15), радиодифузерите се должни овие податоци **третиот пат да ги објават најдоцна до 31 октомври.**

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга **во третиот предвиден рок** не ги објави податоците на сопствената програма и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето, односно **не ја исполни** обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми.

7. **Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 13 став 3 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), а согласно член 13 став 6 од овој Закон, се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му даде дополнителен рок од 45 дена, во кој радиодифузерот ќе биде должен да ја изврши обврската од член 13 став 3 од Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***